Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА „БОРКА ТАЛЕСКИ“- ПРИЛЕП СО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

Февруари, 2022 година

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

И З В Е Ш Т А Ј

За работата на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“- Прилеп со финансиски извештај за 2021 година

1. Вовед

Јавната општинска установа „Борка Талески“ – Прилеп, 2021 година ќе ја евидентира како година во која што се остварени голем број програмски активности и покрај пандемијата на „Ковид-19“. Реализираниот планот за работа во делот на манифестациите, промоциите на сопствените изданија, соработката со сродни институции, одбележувања на значајни датуми поврзани со авторите од роднокрајното творештво, но и пошироко, се само дел од настаните од богатата агенда на установата.

И во услови на пандемијата бројот на посети и зајмување книги е на завидно ниво, во двата оддела за возрасни и деца. Граѓаните на Прилеп според бројот на членување и натаму покажуваат особен интерес за книжевното творештво, така што можеме да забележиме со задоволство дека како јавна општинска установа сме во фокусот на интересот на нашите граѓани и сме очигледно нивен вистински сервис.

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Со жалење забележуваме дека и за 2021 година, поради недостигот на адекватна вентилација во установата на простор од 1064м2, особено во делот на т.н. голема - конференциска сала, не можевме перманентно да ја ставиме во функција за потребите на читателите. Кочниците во работата предизвикани поради техничките процедури за обезбедување одобрување за преадаптација и реконструкција на дел од објектот во којшто е сместена установата се исто така причина, поради која оваа сала – читална не беше на располагање на читателите.

Во делот на набавката на литература, бележиме видно збогатување на книжниот фонд. Набавени се нови книги, не само со сопствени средства согласно со Законот за јавни набавки, ами и со донации од Националната Универзитетска Библиотека (НУБ) „Св. Климент Охридски“ - Скопје, исто така од Македонската Академија на Науките и Уметностите (МАНУ), добиени се книги од донации на бројни автори од земјава и странство, донации од граѓани кои што и подарија на установата дел од своите домашни библиотеки, секако продолжи и соработката со одделни издавачки куќи со нивно гостување и одржување саеми на книги, да даруваат за нашата установа.

Со дарувања на семејства од истакнати роднокрајни писатели збогатена е колку Роднокрајната, толку и Раритетната поставка. Освен тоа со онлајн активности и зголемено присуство на социјалните мрежи, на веб страницата на установата, како и на Фејсбук профилот зголемена е видливоста, зајакнат е брендот, афирмирана е работата надвор од локалните рамки. Така што често нашите активности ги следат читатели, писатели, автори, културни дејци од други градови во земјава и странство, што пак ги отвора вратите на установата за проширување и збогатување на нејзините активности на повеќе нивоа.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Сѐ ова придонесе за зголемено медиумско присуство на агендата на установата во повеќе локални и национални медиуми. Низ бројните афирмативни содржини за остварените активности, како што покажува прес клипингот, се потврдува улогата на установата, која што како храм на книгата, треба да биде и локален центар на информации и културен живот во Прилеп.

Кога ќе се компарираат средствата кои што установата ги има на располагање во пропорција со реализираните активности, евидентно е дека вложен е голем ентузијазам, енергија, труд ... Буџетот во 2021 година беше многу рестриктивен. Најголем дел средства се исплатени за бруто плати, околу 80 отсто. Споредено со еден период од пред 3-4 години, кога соодносот меѓу средствата за бруто плата и други расходи бил 65% : 35% во корист на бруто платите, минатата година, соодносот е 80% : 20%, што ќе рече премалку средства за реализација на активностите.

Во продолжение на овој документ, ќе бидат презентирани активностите подетално. А, од финансиските извештаи се има увид врз сите расходи на установата на двете сметки, буџетската „903“ и сметката од сопствени приходи „787“.

2. Збогатување на книжниот фонд

Во текот на 2021 година ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп книжниот фонд од околу 134.500 книжни единици успеа да го збогати за дополнителни околу 4.500 библиотечни единици.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Табела 1. Новонабавена и обработена литература

Новонабавена литература		Обработена литература	
Монографски публикации	3821	Монографски публикации во Cobiss	3149
Сериски публикации	827	Сериски публикации	/
Вкупно	4648		3149

Од Табела бр.1 може сликовито да се види дека во текот на 2021 година по сите основи во Библиотеката се внесени вкупно 4648 книжни единици. Од нив 3821 книжна единица се монографски публикации, додека 827 единица од библиотечниот материјал припаѓаат на сериски публикации (весници, списанија, зборници итн...).

Стручните служби обработиле 3149 новонабавени книги – монографски публикации. Од 1337 монографски публикации, најголем дел од подрачната библиотека во населбата Варош, се обработени по принцип на преземање во Cobiss системот. Оваа е литература во сопственост на установата, која што се уште не била обработена, внесена во Cobiss системот.

Набавката на дел од оваа литература како што е потенцирано и погоре е согласно со Законот за јавни набавки, со тендер во висина од 382,514, 00 денари. Што ќе рече од вкупниот буџет на установата на буџетската сметка „903“ околу 6200 евра се инвестирани за оваа намена. Мора да напомене дека за да се задоволат потребите на читателите, би требало овој буџет за набавка на нова литература да се зголеми најмалку двојно.

Вкупната вредност на сите библиотечни единици кои што во 2021 година го збогатиле фондот на установата, по сите основи, набавки, донации од МАНУ, НУБ, автори итн. изнесува 897.706,77 денари.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Бидејќи статистичките податоци сега покажуваат дека установата во 2021 година библиотечниот фонд од околу 134.500 го зголемила со новонабавените по разни основи 4648 книжни единици сега располага со преку 139.200 библиотечни единици. Но, имајќи го предвид фактот дека во Библиотеката до денес не е спроведен согласно закон отпис на литература (оштетени публикации по разни основи, стари, крајно амортизирани книги, кои практично не се во функција) овој навидум богат фонд е фиктивно богатство.

Во тој контекст овде вредно е да се напомене, дека токму годинава (2022) ќе се спроведе согласно законот и прописите попис и отпис на литература, со што следната година, веќе ќе се има целосно јасна и точна слика за физичката кондиција и бројот на книжни единици со кои располага установата. Потребата од набавка на нова литература во сите оддели, а особено во одделот за деца и возрасни е примарна обврска на установата, а согласно со потребите на читачкиот аудиториум.

Што се однесува до сериските публикации, набавка на весници и списанија и сѐ она што ја чини периодиката, во рамките на политиките на екстремно штедење согласно со максимално скромниот буџет, продолжи набавката само на дневниот печат „Нова Македонија“ и „Вечер“ како и „Службен весник“, континуитет којшто не бележи прекин. Но, во делот на сериските публикации установата се соочува со сериозен проблем, недостиг на стручен кадар за обработка на овој вид библиотечен материјал. Изминативе две години дел кадар е испратен на едукација во НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје, но, процесот за едуцирање на еден библиотекар за работа со периодика е долг и бара посветеност. А, пандемијата токму во овој период ги попречи активностите на тој план, бидејќи и едукаторите и националната библиотека како установа се соочуваат со проблемот. Така што оваа обврска на установата која што од разни причини е запоставувана повеќе од 1.5 деценија, се планира да биде надмината оваа и следната година, во зависност од тоа кога ќе се комплетира едукацијата на кадарот, за целосна обработка на овој вид библиотечен материјал.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Во поглед на изборот на новонабавена литература од издавачките куќи во Македонија, во набавната политика на установата и во 2021 година се водеше сметка, сѐ што се купува да биде на листата барана литература која ги задоволува потребите на читателите.

Во рамки на соработката со НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје повеќе пати во текот на годината од оваа установа се подигнуваат стотици книги и периодика кои се последен збор во издавачката дејност на издавачите. Сепак во овој дел е значајно да се напомене дека станува збор за литература чие што публикување е финансиски помогнато од Министерството за култура, со средства од државниот буџет за култура, во делот на издавачката дејност.

Минатата година установата својот фонд го збогати и со дела од домашните библиотеки на одделни граѓани. Станува збор пред сѐ за белетристика, од автори кои се репрезенти на класиката, дел изданија кои што се одамна печатени, но сѐ уште барани од читателите.

Вредно е да се напомене дека со дела, персонални експонати, дневници, бележници ... на поедини автори кои имаат потекло од Прилеп, се збогатени Роднокрајната и Раритетната поставка. Овие се особено значајни донации, кои што поставките ги прават бесценети.

3. Издавање, чување, користење и заштита на книжниот фонд

Интересот за книжевност и наука, изминатата 2021 година иако во време на пандемија не беше за запоставување. Во прилог на ова тврдење оди фактот што според евиденцијата на двата пулта во одделот за деца и одделот за возрасни издадени се вкупно 30.638 монографски и сериски публикации. Од нив во одделот за деца 11.388 книги, а во одделот за возрасни 19.250 библиотечни единици.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Табела бр. 2 Користење на библиотечниот фонд во 2021 година

	Број на членови	Издадена литература (книги и периодика)
Оддел за деца	876	11 388
Оддел за возрасни	1 551	19 250
Вкупно	2 427	30 638

Кога ќе се земе предвид податокот дека минатата 2021 година биле неработни 108 денови поради викендите и дополнителни уште 13 неработни дена поради празници кои не се во викенд, значи дека во работните 244 денови се издадени овие 30.638 книги, вкупно на 2427 читатели. Тоа значи дека просечно за секој читател се издадени 125,5 книги. Што ќе рече навистина релативно малуброjна читачка публика во однос на бројот на жители, но со огромен интерес за книгите, бидејќи просечно месечно секој читател позајмувал по 10,4 книги.

Иако во однос на 2020 година кога се евидентирани вкупно 1.815 членувања во двата оддела, во 2021 година е очигледен раст на бројот на членови за околу 35 отсто.

Овие податоци се стартна позиција за активностите со кои ќе се зајакнат и развијат политиките за зачленување, за стекнување на довербата на нови читатели. Установата токму за развој на овој аспект, планира годинава (2022) нови активности со поголема креативност. Бидејќи годишното зајмување на 30.638 единици е само 22 отсто, од вкупниот книжен фонд, кој што брои околу 140.000 библиотечни единици, Значи малку ангажиран дел од фондот, а пред нас многу работа и предизвици, годинава!

Пандемијата има реално свои негативни реперкусии и врз овој апект во работата, но, тоа не смее да биде алиби, туку предизвик за подобро менаџирање на установата. Напорот и креативноста во наоѓање на многу начини книжниот фонд наместо на полиците да биде во рацете на читателите

ќе биде императивен. Ваквите статистички анализи кои се прават последниве две години, даваат поконкретна слика за работата на установата по ресори. Оттука можноста за точно лоцирање на проблемите, кочниците, кои пак се првиот чекор кон решавање на „проблемите“ и креирање на нови стратешки мерки и развојни чекори.

Секако финансискиот аспект, редуцираните средства се колница во функционирањето. Неопходно е фондот за набавка на нова литература да се зголеми. Потребно е постапно да се создаваат услови и за отворање на читалната, барем за ограничен број корисници, дури и во време на пандемија. Бидејќи во вакви услови, академската и научна јавност се скратени за можности во спокојна и средина која што е вистински стимул за учење, да истражуваат, работат на нови проекти, а при тоа да им биде ставена на располагање богатата литература од Референтната збирка, која што според сите прописи може да се издава за користење само во читалната.

Овде доаѓаме до прашањето за инвестициите и планираните зафати во 2021 година.

Во делот на заштитата на книжниот фонд, од двата оддела и магацинот вкупно за поправки, репарирање, лепење, врзување се предадени 400 книги, од нив вкоричени 150, а во 10 регистри се сместени печатените изданија на службените весници. Што ќе рече полни раце работа на вработениот кој што се грижи за репарирање на книжниот фонд. Во однос на минатата година, обемот на активности е зголемен за речиси 60 отсто во делот книговрзница.

4. Подрачни библиотеки во населба Варош и населено место Тополчани

Минатата 2021 година речиси финишираа активностите на стручните библиотекари за каталогизација во подрачната библиотека во населбата Варош. Во 2020 и 2021 година конкретно две библиотекарки кои работат на

каталогизација го внесоа книжниот фонд од 5044 библиотечни единици, со ретроактивен внес во Cobiss системот.

Оваа подрачна библиотека е отворена во 1984 година. Но, во 2020 година почнува за прв пат процесот на обработка на литературата во Cobiss системот, иако во градската библиотека овој систем е имплементиран во 2006 година.

Минатата година е набавена и компјутерска опрема така што наскоро, со набавката уште на еден фискален апарат ќе биде заокружена целосно постапката со техничко опремување на оваа подрачна библиотека. Според тоа, по тригодишен прекин, повторно, но овој пат согласно со библиотекарските прописи овој библиотечен клон ќе биде повторно отворен. Жителите на населбата Варош ќе имаат побрз и полесен пристап до богатиот книжен фонд, којшто ќе може да го пребаруваат отсега и во Cobiss.

Што се однесува до подрачната библиотека во населеното место Тополчани, годинава престојат поголеми активности. Најпрвин со пописот, стручните библиотекари ќе извршат детална проверка на физичката кондиција на книжниот фонд. Оној што може да се стави во функција ќе биде дел од постапката за ретроактивен внес во Cobiss, бидејќи и оваа подрачна библиотека не е внесена во овој систем. Речиси 8 години таа не е во функција на читателите, а објектот којшто некогаш се користел како месна заедница за жителите во ова населено место е руиниран. И воопшто не е адекватен за работа. Дури е и ризичен. Често се врши посета и проверка, со цел книжниот фонд да биде заштитен. Обидот да се најде посоодветен простор за дислоцирање на оваа библиотеката во училиштето, што се наоѓа непосредно до месната заедница во која е сега сместена, беше неуспешен. Според изјавите на тогаш надлежните во ова подрачно училиште, не постојат услови во рамки на овој училиштен објект да биде дислоцирана подрачната библиотека.

Со завршување на пописот и отписот на книжниот фонд кога ќе се има комплетна слика со колкав активен фонд располага библиотеката, ќе се бара

интензивно решение и за овој проблем. Бидејќи книгите ја извршуваат својата функција, само тогаш кога им се издадени на читателите. ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп, ќе се обиде да најде донатори за „библиобус“ опремен со сѐ што е потребно, со цел книгите да бидат во рацете и на читателите не само од населеното место Тополчани, туку и другите населени места во овој прилепски атар.

5. Културни манифестации

Библиотеката во текот на 2021 година реализираше богата културна програма. Промоции, изложби, трибини, средби со автори, со читатели, реализирани конкурси, доделени награди на ученици и нивните ментори, многу чествувања, одбележувања ... Долга е агендата на активности со кои што е збогатена културната понуда на нашите читатели, соработници, на нашите целни групи, автори - дебитанти, истакнати творци, активности кои се реализирани во соработка со други институции.

Најголем дел од активностите беа поместени во летниот период со цел колку што е можно да се намали ризикот од ширење на пандемијата. Сите настани се одржаа со целосна примена на антиковид протоколите.

Во делот на соработката со училиштата и развивање на книжевните потреби кај новите генерации наши читатели одржани се четири конкурси: За „Млад библиотекар“, за „Најдобар краснопис“, за „Најдобра авторска творба“ и „Најдобра рецитација“. Доделени се награди (во книги), дипломи и благодарници за учениците и нивните ментори. Во оваа активност беа вклучени учениците од сите училишта во општина Прилеп.

Во рамките на активностите за воспоставување и негување на соработката со исти и сродни установи, вредно е да се забележи гостувањето на Библиотеката во Центарот за култура „Ацо Шопов“ во Штип. Гостувањето и претставувањето на установата со три свои поставки: изложба на книги од

Раритетната поставка, изложба на книги од својата издавачка дејност и изложба на фотографии со репрезентите на прилепскиот еснаф, од трајната поставка „Да ги зачуваме старите прилепски занаети“, кои што се украс на прилепската чаршија. Промовирана е двојазичната книга „Старите занаети во Прилеп“. Настанот побуди интерес кај на почитувачите на уметноста, книжевноста, културата, но и на медиумите. Центарот за култура од Штип со возвратна посета гостуваше во Прилеп, промовирајќи дела од творечкиот опус на авторот Трајче Кацаров, потоа изложба на плакатна поезија (Кацаров), како и настап на кантавторот Роберт Поп Димитров.

Со домот за стари лица од Прилеп, „Киро Крстески – Платник“ воспоставена е соработка на начин што се подарени 14 пакети со книги од Библиотеката (дел сопствена, дел подарена литература од граѓани) наменети за станарите и штитениците на оваа установа. Со наслов „Со љубов за граѓаните во трето доба“ снимен е аудио материјал со извадоци од книгата „Итар Пејо“ од Стале Попов, наменет за овие граѓани, со цел што поквалитетна анимација и разубавување на нивното секојдневие, далеку од нивните примарни семејства.

Со центарот за култура „Илинден“ од Демир – Хисар воспоставена е соработка со размена на литература и заедничко чествување на одделни настани и случувања. Меѓу нив најзначајна е манифестацијата за одбележување на годишнината од раѓањето на македонскиот автор Петре М. Андреевски. Со полагање цвеќиња на неговото вечно почивалиште и поетско читање на избор поезија, автори и рецитатори со избор негови песни го збогатија овој настан што се одржа на две локации и во Демир – Хисар и во Слоештица, родното село на П. М. Андреевски, и тоа во културниот центар „Гумно“ што го развиваат синот и снаата на писателот, Сергеј и Ирена Андреевски.

Во делот на соработката, остварени се посети во библиотеките во Охрид, Кавадарци, Неготино, Радовиш, Штип, Битола, Скопје (НУБ „Св. Климент Охдриски“, Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ и др.)и други

библиотеки и културни установи во државата со цел соработка, размена на искуства, развој на библиотечната дејност.

Во делот на меѓународната соработка остварена е размена на книги, со библиотеката во Цетиње, потоа со австрискиот автор за деца Томас Брежина, којшто преку нашата сограѓанка Лидија Кравутске испрати дел од својата едиција на германски јазик за нашата установа. А, во виенската градска библиотека ќе се најде литература што е дел од нашата издавачка дејност, публикувана и на англиски јазик. Ова е еден од начините со кои Библиотеката од Прилеп, го дава својот придонес за афирмација на македонскиот јазик, книжевност, култура во светот.

Изминатата 2021 година од тој аспект се промовирани две дела од издавачката дејност на Библиотеката: „Зборникот на песни од прилепски автори“ и монографијата – „75 години ЈОУ Градска библиотека ‘Борка Талески“ - Прилеп“. Првата збирка впрочем е и прва книга од едицијата со наслов – Роднокрајно творештво. Застапени се исклучиво прилепски автори, најголем дел членови на Клубот на литературни творци од Прилеп. На 45 автори на 68 песни им се подарени примероци од зборникот и благодарници за нивниот придонес во роднокрајното творештво. Подготовката, на монографијата која што е посветена на значајниот јубилеј на установата „75 години ЈОУ Градска библиотека ‘Борка Талески’- Прилеп“, двојазично издание со превод и на англиски јазик е во вистинска смисла бележење на хронологијата на настани, развојни години на оваа установа. Во неа е сублимиран трудот, влогот на генерациите библиотечни работници, културни и општествени дејци на Прилеп, кои го дале својот придонес за овој храм на културата да опстане низ годините, заедно со поддршката на Општина Прилеп и Министерството за култура, и да се развие во една современа установа која што настојува да ги следи и имплементира сите новини кои се светски тренд во дејноста. За самата публикација говореше директорката на НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, истакнат и долгогодишен стручњак во дејноста, библиотекарскиот советник, Јелисавета Костадинова.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Во делот на одбележувањата во овој Извештај вредно е да се напоменат неколку настани:

-Одбележување на 100 годишнината од раѓањето на патронот на Библиотеката, Борка Талески;

-Одбележување на 100 годишнината од раѓањето на реномираниот писател, наш сограѓанин, Коле Чашуле како и

-Одбележување на 100 годишнината од раѓањето на кодификаторот на современиот македонски јазик, нашиот сограѓанин, Блаже Конески.

Овие настани беа одржани со максимална организација и професионален пристап, со сѐ она што значи квалитетна понуда на аудиториумот, дури и од технички аспект. Со гостување и трудови на истакнати македонски историчари, универзитетски професори и академици оддадена е достојна почит на нашите сограѓани, кои се великани на македонската книжевност и култура, и кои оставиле силен и траен белег во создавањето на македонската држава, јазик, книжевност, култура. Во реализацијата на настаните вклучени се и истакнати македонски уметници, актери, вокалисти, музичари ... Но, најголем акцент е ставен на уметниците кои водат потекло од Прилеп, со цел да ја јакнеме синтагмата „Од Прилеп за Прилеп“.

Потврда за одличната организација на настаните беа позитивните одеци во медиумите, а најмногу меѓу реципиентите на културата во Прилеп, тоа е нашата културна јавност која што има изградени високи критериуми за квалитет во уметноста и книжевноста, но и пошироко.

Со овие настани, впрочем Библиотеката излезе од рамките на просечноста. Потврди дека како единствен храм на книгата и центар на информацијата во Прилеп, е впрочем културна установа која има капацитет да креира извонредни културни евенти, од кои се испраќаат широко пораки за зачување на македонската историја, јазик, книжевност, култура, за негување и збогатување на македонското книжевно богатство.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

6. Едукација на кадри

Градската библиотека во Прилеп како што е добро познато, освен што ја извршува основната дејност, за чување, издавање и заштита на библиотечен материјал, врши и каталогизација – стручна обработка на книжниот фонд на установата што се збогатува секоја година.

Од вкупно 11 библиотекари (библиотекарски помошници, самостојни библиотекарски помошници, библиотекари, виши библиотекари и библиотекарски советници) со години имала само тројца каталогизатори. Имајќи го предвид фактот дека овие тројца каталогизатори во следниве 2-3 години ќе се пензионираат, неминовно е да се врши едукација на постоечкиот стручен кадар со високо образование, којшто е еден од критериумите за да се обавуваат овие сложени библиотечни активности. Затоа во 2021 година продолжи едукацијата на овој кадар, со цел да се заокружи знаењето и вештините за стручна обработка на целиот книжен материјал што влегува во установата. Библиотекарите присуствуваа на бројни едукативни предавања, работилници кои онлајн и со физичко присуство се организирани од стручни едукатори – предавачи од НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, како единствена стручна установа која врши едукација на кадрите.

Освен во стручната работа, се вршеше едукација и на кадрите според потребите на установата во дејноста што ја извршуваат, за ПП заштита, за итна медицинска помош, за архивско работење ... Присуството на работниците е во рамки на финансиските можности на установата, но се внимава да се постигне основното ниво на знаења во другите аспекти, со цел деловниот процес во установата да се одвива непречено согласно со законските регулативи.

На оваа ставка се потрошени 23.498,00 денари од буџетската сметка, додека дополнителни 7.080,00 денари се од сметката на сопствени приходи, или вкупно од двете сметки за едукација се инвестирани 30.578,00 денари.

Премалку! За адекватен напредок на кадрите, треба да се оддвојуваат во иднина многукратни суми. Но, установата за жал располага со рестриктивен буџет.

7. Административно – правни, сметководствено – благајнички работи

Во делот на администрацијата во Библиотеката минатата година се пензионирани двајца вработени, сметководител и советник за административни и правни работи. Оттогаш административниот кадар на установата е претставен со еден архивар, којшто имајќи го предвид вкупниот финансиски обем на активности на установата, не е многу обременет со работа. Потребите за правно - сметоводствени работи ги извршуваат надворешно ангажирани лица со договори за услуги. И според минатогодишното искуство, на овој начин многу успешно се менаџира овој дел, со помалку средства. Искуството потврдува дека установата и нема голема потреба да вработува сметководител, но има потреба од кадар којшто во исто време ќе ги извршува активностите во сметководство, јавни набавки, обврските за безбедност и заштита при работа и други задолженија кои произлегуваат од задолжителната примена на законската регулатива. Но, мора да се акцентира потребата од правен стручњак, лице кое што во исто време ќе биде надлежно за човечки ресурси, ангажирано во Комисијата за јавни набавки и др. Исто така установата има сериозна потреба од информатичар, којшто ќе го одржува компјутерскиот систем, ќе работи на одржување и развој на веб страницата, ќе се занимава со графички дизајн ... потреби кои што досега или не се задоволувани, или пак парцијално со скромни средства се внесувал нов квал

+итет во работата, којшто е императивен за дејноста во време на дигитализација. Ако се има предвид фактот дека Библиотеката располага со екстремно мал буџет, навистина е претешко квалитетно да се менаџираат овие потреби на новото време. За да се има одлична веб страница неопходно

е инвестирање во тој сегмент, но и посветена работа на стручно лице кое што ќе го развива сајтот и работи на подготовка на низа каталози со што книжниот фонд ќе се приближи уште повеќе до читателите, а бројот на членови ќе расте. Што значи покрај бројните испразнети места во установата итни се две вработувања: на правник и на информатичар согласно со Правилникот за систематизација на работни места.

8. Работа на помошно – техничката служба

Согласно со Правилникот за систематизација на работни места на установата и законските регулативи, оваа служба во установата е претставена со четворица (4) вработени; книговрзец (1) едно лице, хаус мајстор (1) едно лице, хигиеничар (1) едно лице и друг работник за одржување на објекти.

Книговрзецот освен што работи во делот на репарација на литературата, за што податоците се пишани во делот за користење, чување и заштита на библиотечниот фонд, со оглед на неговата верзираност и сензибилизација за потребите на установата е ангажиран и како замена на двата пулта (за деца и возрасни), потоа во магацинот, а во исто време е целосна замена за водење на архива, кога е отсутен вработениот архивар на тоа работно место.

Хаус мајсторот во установата ги извршува сите активности во негова надлежност. Тој е лице за надлежно за спроведување на итна медицинска помош во вонредни услови. Паралелно согласно со потребите на установата, врши замена на кадрите коишто работат во магацинот за книги и издаваат литература за потребите на пултовите. Едновремено извршува и курирски активности. Вклучен е исто така и во делот на распределба на материјали на вработените согласно со ЗЈН. Внес и достава на библиотечен материјал.

Друг работник за одржување на објектите, овој вработен е ангажиран во делот на одржување на објектот, извршува активности за одржување на хигиената, курирски активности со достава на материјали каде што има потреба, тој е постојана помош во работата на хаус мајсторот и е лице надлежно за спроведување на ППзаштита.

Хигиеничарот во установата освен што се грижи за одржување на хигиената, и достава на пратки и други материјали во пошта, подигање на весници и др. обврски согласно со Правилникот за систематизација, работи исто така на издавање на библиотечен материјал во магацинот, впрочем како и работникот задолжен за одржување на објектите.

Целта на овој начин на работа е целосно искористување на потенцијалот на вработените, без ангажирање на дополнителни кадри, секогаш кога за тоа има потреба, особено во време на користење на правото на одмор.

Инаку сите вработени во установата се ангажирани и работат во разни комисии согласно со потребите и регулативите кои мора да се имплементираат, со цел да се овозможи непречен тек на сите активности и функционирање на установата.

9. Плаќање по судски решенија и трансфери за пензионирање

Во 2021 година Библиотеката го исплати, а со што заврши дотогаш отвореното прашање за исплата на обврските за реконструкција на еден мал простор согласно со Законот за јавни набавки. Согласно со судска пресуда се исплатени 245.427,00 денари на градежната фирма „Брикс -компани“ која што во 2019 го добила тендерот за преадаптација на делот од установата наменет за сместување и обработка на странска литература.

Во делот на трансфери за пензионери, на тројцата пензионирани кадри (сметководител, советник за општи, административни и правни прашања и самостоен библиотекарски помошник) исплатен им е надомест од 172.260,00 денари.

10.Набавка на услуги и опрема

Во текот на минатата 2021 година Библиотеката согласно со Законот за јавни набавки реализираше:

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Табела 3. Реализирани набавки со постапки согласно со ЗЈН / 2021 год.

Вид на набавка	Висина на договор со ДДВ/денари
Сметководствени услуги	99.946,00
Набавка на книги	382.514,00
Електрична енергија	640.938,24
Средства за хигиена и дезинфекција	22.543,00
Канцелариски материјали	24.964,80
Комјутерска опрема	147.390,00

Напомена: тендерите за сметководствени услуги и електрична енергија се префрлаат од една во друга година и имаат финансиска рамка за користење на средствата. (За електрична енергија во 2021 година се потрошени 511.247, 00 денари. Минимални средства за овој огромен простор од 1064м2, ако се има во вид дека инвертерите се единствен извор на греење и ладење на установата. Само пред 2 години за ставка греење, оддвојувани се суми од 1-1.5 милиони денари.)

Планот за реконструкција на холот, скалите, пултот за возрасни, како и делумна реконструкција на канцелариите остануваат за годинава. Неможноста да се добијат потребните одобренија за реконструкција и преадаптација на просторот, на релација Општина - надлежни министерства, се причина што и при обезбедени средства, тендерите не се реализирани. Имено, согласно со Законот за градба, Библиотеката која што просторот го добила на трајно користење, од сопственикот - Република Северна Македонија, треба да има одобрение – согласност за овие градежни зафати. Меѓутоа обраќањата до бројните министерства и органи завршија со оградување на едни од други и нивно пренасочување.

Годинава 2022 година, кога и се подготвува овој Извештај, на наше огромно инсистирање, добиен е позитивен (надежен) одговор од Министерството за култура, дека откако Библиотеката ќе подготви Наративен извештај (иако уште во 2020 година е доставена Функционална анализа со детален опис на

сите расположили капацитети, потенцијали и проблеми) во којшто ќе ги дефинираме - лоцираме проблемите и потребите ќе бидеме вклучени во постапката за изработка на основната проектно-техничка документација за реконструкција на установата, која е сместена во истиот објект каде што функционира и центарот за култура „Марко Цепенков“-Прилеп. Бидејќи проектот за центарот за култура е во тек, Библиотеката ќе биде само приклучена, и за неа според ветувањата ќе се изработи проектно-техничка документација, со што ќе си обезбедиме дозвола – „виза“ за натамошна реконструкција, која што најверојатно ќе биде финансиски товар на установата и основачот.

Библиотеката засега нема да распишува тендер за реконструкција на хидрантската мрежа и громобранска заштита и според насоките на Инспекторатот за заштита од пожари при ДЗС. Ова затоа што, овие аспекти ќе бидат решени со изработка на документацијата за реконструкција на објектот, прв пат откако е изграден. Така што во меѓувреме, како установа веќе ги завршивме сите активности со комплетирање на системот за дојава на пожар, панични светла, ПП апарати – набавени се десет (10) нови, покрај постоечките три ППА(3), изготвени се потребните правилници, планови... сите акти коишто треба да ги има установата. Едновремено континуирано се осигурува објектот, книгите и опремата, така што од овој аспект, Библиотеката е целосно заштитена.

11.Реализација на буџетот по сметки

Во овој Извештај не презентираме детални бројки за потрошените средства за секоја ставка. Нив ќе ги видите во финансиските извештаи за секоја сметка посебно и по ставки и потставки.

Најважно да се каже е дека од проектираниот буџет на буџетската сметка „903“ во висина од 12.747.000, 00 денари, реализирани се 11.828.019,00 денари или 92,79 отсто. Неискористени се 918.981,00 денари.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Табела 4. Реализација на буџетот по сметки

Буџетска сметка „903“			
Проектиран буџет	Реализиран средства	Реализација во проценти	Неискористени средства
12.747.000,00	11.828.019,00	92,79%	918.981,00
Сметка на сопствени приходи „787“			
Проектиран буџет	Реализирани средства	Реализација во проценти	Неискористени средства
1.179.000,00	375.351,00	31,75%	760.011,00

Овие средства речиси до крајот на годината не ни беа ставени на располагање. Една од причините за нивно неискористување лежи и во фактот што за време на изборите, невозможно беше да се склучуваат договори и реализираат други активности, освен ако се работи за набавки со тендери, предвидени во планот за јавни набавки (пред тоа), кои исто така не можеше да се реализираат, бидејќи Библиотеката не доби дозволи согласно со Законот за градба.

На сметката од сопствени приходи „787“, планирани беа 1.179.000,00 денари. Реализирани се 374.351,00 денари или реализацијата е 31.75 отсто. Нереализирани се 760.011,00 денари. И добро е што е така, бидејќи со

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 44 53 57; +38975 24 71 07
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

почетокот на оваа година, во првите два месеца трошоците на установата, во најголема мера ги покриваме со сопствени средства од оваа сметка. Што значи наместо да ги користиме за развојни активности, ние ги користиме за проста репродукција, така речи.

Сѐ на сѐ, од буџетските 11.828.019,00 денари за бруто плати се оддвоени 9.384.538,00 денари. Останатите 2.443.481, 00 денари заедно со дополнителните 374,351,00 денари од сметката од сопствени приходи се вкупниот буџет наменет за работа на установата. Овие 2 милиона 817 илјади 832,00 денари или околу 45,500 евра е вкупниот буџет на Библиотеката во Прилеп.

Скромен буџет, кој што треба, не да биде уште порестриктивен како овој за 2022 година, туку далеку пообемен за да се овозможи напредок, развој на единствената Библиотека во општината.

Од презентираните статистички податоци констатацијата е една! Во 2021 година Библиотеката работела со максимално штедење, а сепак реализирала богата Програма со која што ја зголемила „видливоста“ во јавноста и целните групи.

Благодарам!

Директор

Моника Талеска